## Коментари на раководството на субјектите и проценка на ДЗР

По издадениот Претходен извештај за извршена ревизија на успешност – активности поврзани со заштита од пожари во Република Македонија, доставени се дописи во форма на пишани забелешки од Дирекцијата за заштита и спасување и во форма на пишано мислење од Центарот за управување со кризи. До ДЗР на ден 22.04.2010 година доставен е допис од страна на ДЗС во форма на забелешки на ПИ бр. 12 – 1280/3 од 20.04.2010 година заведени во ДЗР под број 13 – 342/5 од 22.04.2010 година како и мислење по ПИ на ОДР од ЦУК под бр. 12 – 996/4 од 23.04.2010 година заведено во ДЗР под бр. 13 – 342/6 од 26.04.2010 година. На ден 08.03.2010 година претставници на субјектите се запознаени со основните ревизорски наоди и препораки како резултат на извршената ревизија од ДЗР. Ревизорските наоди и препораки беа правилно разбрани и прифатени од претставниците на субјектите. Претходниот извештај до субјектите е испратен на 06.04.2010. Доставените забелешки/мислење се прегледани од ОДР и раководителот на екипата која ја изврши ревизијата. Примените пишани забелешки и мислење се предмет на разгледување и на Стручното тело за оценка и компактност на ревизорските извештаи пред доставување на законски утврдените субјекти[1]. Забелешките/мислењата за одредени делови од ПИ поднесени од субјектите ќе бидат претставени почитувајќи и применувајќи го принципот на "реченица за реченица" со цел истите да бидат јасно разбрани, да се испочитува ставот на двете институции како и ставот на ДЗР. Во таа смисла претставени се забелешките/мислењето на двете институции во скенирана оригинална форма, а проценката на ОДР и заклучокот на ДЗР ќе бидат претставени за секоја институција едно по друго. Овие одговори претставуваат интегрален дел на Конечниот извештај на ОДР и се презентираат во поглавјето Коментари на субјектот и проценка на ДЗР – Прилог 2.

Наведените забелешки/мислење не содржат дополнителна придружна документација, туку истите претставува пишани образложенија и квалификации на констатираните состојби и неправилности во извештајот од аспект на нагласувања по одредени точки. Сите наведени забелешки/мислење на субјектите не нудат нови докази ниту документација која влијае на промена на искажаните состојби во извештајот ниту во одговор на поставените ревизорски цели. Посочените аспекти во забелешките/мислењето на субјектите се разгледани од аспект на нивна поткрепеност со дополнителна документација и оправданост со цел доколку нудат нови информации и докази во функција на ревизијата да се изврши дополнување на постојниот ревизорски извештај и да се презентираат во конечниот извештај.

Забелешките/мислењето од ДЗС и ЦУК по ПИ се дадени во оригинална скенирана форма заради запазување на ставот на двете институции. Во продолжение ќе бидат претставени извадоци од ПИ за кои се доставени забелешките од ДЗС, проценка на ОДР и заклучок на ДЗР.

### Проценка на ОДР и заклучок

Во забелешките на ДЗС се вели: "Ставот на ДЗС е дека ПИ претставува објективно и реално прикажување на фактичката состојба" со одредени забелешки за кои во прилог не е приклучена дополнителна документација за дадените образложенија од кои би се проценила можната корекција на оценките дадени во ПИ со цел истите да се вградат во Конечниот извештај. Забелешките по ПИ од страна на ДЗС претставуваат образложенија, констатации и известувања за одредени делови, без при тоа да се приложат пишани документи за поткрепа на истите.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди точка 1.2.** – "Во насока на подобрување на опишаните состојби, уште во 2006 година изработен е извештај од експертски тим на

[1] Формирано со Решение бр. 02 – 250/1 од 18.02.2010 година донесено од Главниот државен ревизор;

НАТО со препораки за разјаснување: кои се ситуациите, кои институции први треба да одговорат без чекање на декларацијата за криза или кризна состојба, кога Центарот може да иницира севкупна координација, вклучувајќи го и искористувањето на владиниот имот во услови на очекување на одлука/декларација за криза или кризна состојба, раздвојување на интернационалните од националните кризи, разјаснување на одговорностите на ЦУК во мирновременски услови и за времетраење на кризата за разлика од одговорностите на нејзината главна копија ДЗС, разјаснување на релациите за команда и контрола помеѓу ЦУК и РЦУК во однос на релациите во командата и контролата на нејзината главна копија ДЗС и разјаснување на ситуациите кога воените сили ќе бидат вклучени во поддршка на цивилните власти."

**Забелешка на ДЗС по извадокот – точка 1 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон работењето на ДЗС, сакаме да укажеме на фактот дека формулацијата е извадок - цитиран од извештајот на експертски тим на НАТО како што е и објаснето во самиот ПИ и истата не претставува мислење на ревизијата.

Констатацијата на ревизијата е јасно и недвосмислено кажана во последователниот пасус дека "преклопувањата и пречките не се отстранети целосно и во сите аспекти". Доколку оваа формулација кај ДЗС создава впечаток на навредливост и тенденциозност, истата може да биде преформулирана во КИ.

**Заклучок на ДЗР:** не се приложени документи како поткрепа на изнесената забелешка, формулацијата "главна копија на ЦУК" ќе биде преформулирана во конечниот извештај без да ја промени смислата на наодот во точка 1.2.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди точка 3.2. алинеја 2 -** Со делбениот биланс од МО на РМ на Дирекцијата и се предадени 77 возила согласно Договор за давање на трајно користење на движни ствари склучен во 2006 година. Во 2009 година е формирана комисија за утврдување на фактичката состојба на возилата според кое од вкупниот број на возила, 53 не поседуваат техничка документација за регистрација со старост од 1971 до 2000 година, 12 се регистрирани на име на ДЗС, 10 со Одлука на Влада на РМ се расходувани и се дадени на Противпожарен сојуз на РМ, а 2 се хаварисани и се во кругот на ДЗС. И покрај постоење на одредби согласно договорот за давање на трајно користење на движни ствари во кој е јасно кажано дека предавањето и приемот како и техничка документација ќе се извршат во рок од 10 дена, постапката за добивање на потребните документи за нивната регистрација спроведена е кон крајот на 2009 година, по 4 години од нивното предавање од МО на РМ. Причините за овие состојби од надлежните во Дирекцијата се образложуваат со неможноста да се изврши технички преглед и пререгистрација на возилата од МО на РМ затоа што истите министерството ги добило по основ на донација за која не постоеле документи.

**Забелешка на ДЗС по извадокот – точка 2 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Овој коментар на ДЗС претставува информација за состојбата со возилата во ДЗС за периодот по вршењето на ревизија. Не се приложени дополнителни документи за потврда на информацијата од ДЗС.

**Заклучок на ДЗР:** не се приложени придружни документи и констатацијата останува во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди стр. 38 – Утврдени состојби – алинеја 8** – "Согласно актите на ДЗС, Секторот за аналитика и истражување ги следи, обработува, евидентира и чува информациско – документарните материјали кои се однесуваат на заштитата и спасувањето. Овој сектор е формиран во 2008 година и функционира со вкупно 6 вработени односно со 40% од проектираното. До март 2009 година секторот функционирал без раководител. Забележителна е состојбата на слаба соработка помеѓу секторите во ДЗС во однос на доставувањето на информациите до секторот и покрај писмената наредба со која е наложено сите сектори и одделенија во ДЗС да доставуваат сублимирани податоци за своите активности. Евиденцијата за пожарите во 2007 и 2008 година се води во Секторот за планирање, организирање и

спроведување на мерки за заштита и спасување и обука и покрај тоа што со новиот правилник за организација и работа на ДЗС за 2008 година ова е во надлежност на Секторот за аналитика и истражување. Секторот за планирање и организирање и понатаму во 2009 година ги прибира, обработува и евидентира податоците за пожарите. За 2007 година за месеците јули, август и септември, изработени се прегледи на пожари и ангажирани сили за гаснење на пожарите, а за 2008 година изработени се дневни, неделни, месечни и периодични прегледи на пожари и ангажирани сили за гасење.“

**Забелешка на ДЗС по извадокот – точка 3 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон ДЗС сакаме да укажеме на фактот дека во тек на вршење на самата ревизија ги добивме на увид и ги имавме предвид документите наведени во забелешката кои се изработени во периодот јуни – август 2009 година и се однесуваат за известувањето и анализата на пожарите во РМ. Утврдените состојби наведени во ревизорските наоди од ПИ се однесуваат за евиденција на пожарите во периодот 2007 – 2008 година како и што е наведено во самиот ПИ. Поради отсуството на приложена документација за потврда на забелешките, сметаме дека истите не претставуваат основа за измена на констатациите изнесени во делот Утврдени состојби.

**Заклучок на ДЗР:** не се приложени документи како поткрепа на изнесеното мислење и констатацијата останува во конечниот извештај во иста форма и во истиот пасус.

**Извадок од ПИ – Основни податоци стр. 8 –** “Согласно законот, Системот го сочинуваат две тела организирани како: Управувачки комитет и Група за процена.

Управувачкиот комитет е тело на Владата на РМ формирано со цел да врши координација и управување со СУК во чиј состав се повеќе министри и тоа за: внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, одбрана, надворешни работи и раководителот на Групата за процена.

Групата за процена е тело на Владата кое има задача да врши постојано проценување на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката и да предлага мерки и активности за нивна превенција, рано предупредување и справување со кризна состојба кое е составено од директорите на: Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенција за разузнавање, директорите и замениците на директорите на ЦУК и ДЗС, заменик началник на Генералштабот на Армијата како и раководителот на Службата за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана.“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 1 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Со целосна почит и професионален пристап кон ЦУК сакаме да укажеме на фактот дека информациите кои се опишани во Основните податоци не се со цел детално и целосно препишување и пренесување на одредбите од ЗУК, туку посочување на делови за кои ДЗР цени дека се во функција на запознавање со активноста. Бидејќи “мислењето“ не дава нешто повеќе од она кое со законот е пропишано, сметаме дека се работи само за подетална информација.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата во иста форма останува и во конечниот извештај.

**Извадок од ПИ – Основни податоци стр. 11:** “За подобрување и унифицирање на системот за известување, согласно Директивата за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги (2002/22/ЕС) ........“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 2 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Овој коментар на ЦУК претставува само објаснување на називот на Системот за рано предупредување и известување кое е опишано во основните податоци од ПИ. Коментарот не придонесува кон промена на битни факти или елементи во поглавјето.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма и во истиот пасус.

**Извадок од ПИ – Основни податоци стр. 16, став 2:** "Согласно оперативните стандарди за секоја појава на пожар на отворен простор како и за ангажирањето во гасење на појавените пожари, а заради следење на состојбата и координирано дејствување, сите субјекти до подрачното одделение на ДЗС доставуваат информации."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 3 од документот.**

**Проценка на ОДР:** конкретниот пасус изнесен во поглавјето основни податоци е резултат на опишани постапки пренесени од страна на надлежните институции за ангажирање на силите за заштита и спасување од пожари кој е посебен наслов во ОП. Бидејќи и целта на ревизијата беше да се даде краток опис на одвивање на постапките за ангажирање на силите за заштита и спасување од пракса и согласно Стандардните оперативни процедури во ДЗС, не цениме дека информациите во пасусот создаваат конфузија ниту "мислењето" е во функција на појаснување на кажаното.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Основни податоци стр. 17, став 4:** "Со цел взаемна помош во случај на природни и други катастрофи, Владата на РМ има склучено билатерални договори во кои ДЗС се јавува како институција надлежна за спроведување на договорите со:

- Советот на министрите на Босна и Херцеговина;
- Владата на Црна Гора;
- Владата на Република Унгарија.

како и соработка во областа со NATO, EC, DPPI, SEDM, CMEP, UN – ISDR и др."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 4 од документот.**

**Проценка на ОДР:** согласно содржината во "мислењето" на ЦУК по ова прашање, добиени се детални образложенија кои не се во основа поразлични од кажаното во Основните податоци од ПИ. Имено, ЦУК го потврдува кажаното дека ДЗС е институција определена како надлежна институција за спроведување на сите три посочени договори со дополни дека по таа основа ЦУК нема добиено информација од ДЗС во врска со извршувањето на законите за ратификација на трите споменати договори. Во таа насока, цениме дека делот во ОП од ПИ не е спорен ниту спротивен на ставот на ЦУК, додека отсуството на информации од ДЗС до ЦУК воопшто и не е споменато во овој пасус. Цениме дека искажаните состојби за отсуство на комуникација помеѓу двете институции во ПИ само се потврдуваат и во овој случај, а изнесеното "мислење" на ЦУК не е во функција на промена или појаснување на пасусот.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 1.1.** : "Согласно тековната законска регулатива предвидена е изработка и донесување на документот Процена од сите ризици и опасности во рок од една година од примената на Законот за управување со кризи - јуни 2005 година. Процената ја донесува Владата на РМ по предлог на ЦУК, а со уредба ја пропишува методологијата за нејзина изработка, содржина, структура, начинот на чување и ажурирање......."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 5 и 6 од документот.**

**Проценка на ОДР:** во самиот ПИ точно е опишана постапката и надлежноста за Процената и Уредбата за методологија кои се одредби од законот. Објаснувањата од ЦУК не се противречни на кажаното.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 1.1.** : ...."Од раководните лица во ЦУК добивме образложенија дека во Република Македонија не постојат потребни методолошки сетови за проценка на кумулативниот ефект што имплицира кон поголем ризик од несреќи и катастрофи, дека не може да постои една единствена процена од сите ризици и опасности бидејќи една е ситуацијата ако зборуваме за земјотреси, друга за епидемии, трета за поплави итн. Врз основа на сите поединечни проценки што се однесуваат за различните ризици и опасности би можело да се направи

пондерирана проценка за изложеноста на земјата на ризици од несреќи и катастрофи. Во завршна фаза е изготвувањето на физибилити студија за тоа како да се изготват поединечните методологии кои ги има повеќе, за секој од ризиците одделно, што е верификувано и од страна на Управувачкиот комитет на Националната Платформа на Република Македонија кое претставува исклучително стручна работа со ангажирање на експертски тимови и финансиски средства......“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 7 од документот.**

**Проценка на ОДР:** во “мислењето“ од ЦУК повторно се изнесуваат спротивни ставови без поткрепа, кои во ПИ на ОДР се изнесени врз основа на спроведени прашалници кои се потпишани од одговорното лице, директор на ЦУК.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 1.3. :** “.......ДЗС смета дека пример за добро функционирање е претходната организациона поставеност пред 2005 година кога ДЗС и ЦУК биле дел од МО на РМ.“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 8 од документот.**

**Проценка на ОДР:** ревизорскиот извештај претставува објективно и транспарентно пренесување на констатираните состојби со ревизијата кај двете носечки институции. Нормално е зад констатираните состојби да се изнесат и соодветни образложенија добиени од надлежните лица на двете институции. Тоа не значи дека иститe се ставови или мислења на Државниот завод за ревизија. Ние имаме обврска да известиме објективно и транспарентно, како што во претходниот пасус од истата точка велиме дека: “Центарот смета дека воспоставувањето единствен орган на државна управа би имало повеќекратни позитивни ........“. Значи целта на ревизорскиот извештај е да ги претстави објективно мислењата на сите вклучени страни во областа предмет на ревизија. Впрочем, многу од настанатите состојби се одраз на нееднаквоста во ставовите на двете институции.

**Заклучок на ОДР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 2.2. :** “..... Во тек е изработка на оваа уредба од ЦУК која е во нацрт верзија и е доставена до Секретаријатот на законодавство при Владата на РМ. До завршување на ревизијата уредбата не беше донесена и покрај периодот од 4 години од донесувањето на ЗУК.......“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 9 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Уредбата е донесена во Сл. Весник на РМ бр. 38 од 18.03.2010 година, а не како што посочува ЦУК во своето “мислење по ПИ“ бр. 38 од 2009 година. Во таа смисла наодот во КИ може да претрпи измени во насока на дополнувања со нови факти, но не и во смисла на менување на констатацијата дека уредбата до завршување на ревизијата не е донесена и дека истата не е донесена и покрај периодот од 4 години од донесување на ЗУК. Настанот се случил по датумот на издавање на Претходниот извештај и може да биде обелоденет како “настани по периодот на ревизија“.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај со дополна за менување на состојбата по периодот на вршење на ревизијата кое не влијае на мислењето.

**Извадок од ПИ – ревизорски наоди, точка 3.1. : “......**а одделенијата за управување со човечки ресурси, внатрешна ревизија, односи со јавноста и протокол и меѓународна координација немаат ниту еден вработен......“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 10 од документот.**

**Проценка на ОДР:** констатацијата на ОДР се однесува на повеќе одделенија кои во периодот 2007 – 2008 година како и до завршување на ревизијата не биле пополнети воопшто. За бројот на пополнети места во посочените одделенија постои релевантна документација генерирана од надлежните лица во ЦУК, па оттука барањето за дополна не е јасно, ниту е доставена во прилог на “мислењето по ПИ“ од ЦУК дополнителна документација по ова прашање.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 4.1. став 1:** “.........Надлежните лица укажаа и на комуникација од Центарот со Брисел за прашања кои веќе се разгледани и усвоени преку претставници од Дирекцијата кое има негативно влијание и на домашните и на меѓународните институции.........“
**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 11 од документот.**
**Проценка на ОДР:** Во точка 4.1. од ПИ се изнесени повеќе состојби како резултат на доставена преписка, податоци и информации по заеднички прашања од двете институции. Во точката не се изнесува ставот на ДЗР и ОДР туку реалноста на состојбите предизвикани од отсуството или недоволната комуникација, а во функција на подобрување и постигнување на нивните основни цели. Забелешките на ЦУК по ПИ не се поткрепени со дополнителна документација, бидејќи се фокусираат на изнесени ставови од надлежните лица на ДЗС и се во функција на дополнителни објаснувања по овие ставови и детално објаснети активности на ЦУК. Изнесени се и ставови за поддршка на ДЗС и координиран настап пред странските субјекти.
**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 4.1. став 3:** “......Во 2008 година од ЦУК изработени се меморандуми за соработка со ДЗС, Градот Скопје и општините. Меморандумите се потпишани од ЦУК, Град Скопје и општините, но не се потпишани и од ДЗС. Целта на овие меморандуми е да се развиваат и зајакнуваат односите и соработката помеѓу потписниците во насока на ефективна и ефикасна превенција, рано предупредување справување со кризи, заштита и спасување на луѓе материјални добра и отстранување на последиците од кризна состојба на локално ниво. Од ДЗС сметаат дека со законот (член 37 од ЗЗС) сите трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби се должни на барање на ДЗС во случај на потреба да и ги дадат потребните ресурси, и дека нема потреба да се склучуваат посебни меморандуми.........“
**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 12 од документот.**
**Проценка на ОДР:** ревизорскиот извештај претставува објективно и транспарентно пренесување на констатираните состојби со ревизијата кај двете носечки институции. Нормално е зад констатираните состојби да се изнесат и соодветни образложенија добиени од надлежните лица на двете институции. Тоа не значи дека истите се ставови или мислења на Државниот завод за ревизија. Ние имаме обврска да известиме објективно и транспарентно, како што во посочениот пасус од истата точка велиме дека: “во 2008 година од ЦУК се изработени меморандуми за соработка со ......., но не се потпишани од ДЗС.“ Значи целта на ревизорскиот извештај не е да цени која страна е во право или не туку да ги претстави објективно мислењата и ставовите на сите вклучени страни во областа предмет на ревизија и да предложи препораки и мерки констатираните состојби да бидат подобрени со преземање на активности од страна на лицата задолжени за раководење на субјектите предмет на ревизија. Впрочем, многу од настанатите состојби се одраз на нееднаквоста во ставовите на двете институции. “мислењето“ на ЦУК по оваа точка од ПИ е само појаснување кое не ја менува суштината на наодот.
**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува иста и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 4.1. став 5:** “ Слабостите во взаемната комуникација се рефлектираат и при употребата на стандардните оперативни процедури со кои се определени институциите кои ЦУК треба да ги извести за настаните кои претставуваат ризици и опасности и можат да предизвикаат кризна состојба. Процедурите опишуваат дека по добивање на информација, ЦУК ги известува субјектите како и ДЗС за случени настани во текот на 24 часа, телефонски и со доставена информација. Сепак сознанијата укажуваат на спротивставени искуства и пракса кај двете институции. ЦУК цени дека информациите редовно се доставуваат до

ДЗС, но одговор за превземените активности повратно не се доставува. ДЗС цени дека иако ЦУК редовно ја доставува дневната информација за настани, овие информации се задоцнети, односно Дирекцијата веќе презела организација и мобилизација на силите за заштита и спасување и повратно го известила Центарот за истото. Според процедурите настанот е предвидено да се следи од регионалните центри до негово разрешување и по тој основ да се примаат информации од сите субјекти вклучени во СУК и ДЗС.“

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 13 од документот.**

**Проценка на ОДР:** ревизорскиот извештај претставува објективно и транспарентно пренесување на констатираните состојби со ревизијата кај двете носечки институции. Нормално е зад констатираните состојби да се изнесат и соодветни образложенија добиени од надлежните лица на двете институции. Тоа не значи дека истите се ставови или мислења на Државниот завод за ревизија. Ние имаме обврска да известиме објективно и транспарентно, за образложенијата и ставовите по исти прашања од страна на раководните лица на двете институции. Значи целта на ревизорскиот извештај не е да цени која страна е во право или не туку да ги претстави објективно мислењата и ставовите на сите вклучени страни во областа предмет на ревизија и да предложи препораки и мерки констатираните состојби да бидат подобрени или отклонети со преземање на активности од страна на лицата задолжени за раководење на субјектите предмет на ревизија. Впрочем, многу од настанатите состојби се одраз на нееднаквоста во ставовите на двете институции. Во овој пасус запазена е објективноста во изнесување на ставовите на двете институции преку повикување на речениците: ЦУК цени ...... и ДЗС цени....... Во “мислењето“ по ПИ доставено од ЦУК се вели дека “оперативниот центар за управување со кризи и РЦУК во периодот од 2005 година наваму не добил ниту едно писмено известување од ДЗС за состојби и превземени мерки од нивна страна додека сите усни известувања (на локално ниво) се врз база на пријателска основа колегијалност и сл.“ кое го потврдува изнесеното во наодот од ПИ. Токму ваквите односи цитирам: “врз база на пријателска основа колегијалност...“ и сл. на двете институции кои не се воспоставени и не се одвиваат на професионална и институционална основа предизвикуваат несакани ефекти од кои во одредени услови зависат човечките животи и заштитата на материјални и нематеријални добра.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Ревизорски наоди, точка 4.2, став 5:** “За редоследот и постапката за ангажирање на надлежните субјекти и нивните персонални и материјални ресурси при локализирање и гасење на пожари на отворени простори во зависност од видот, големината, локацијата и интензитетот на истите, ДЗС утврдила стандардни оперативни процедури во 2008 година. Во случаи на настанување на кризна состојба ЦУК нема изработени писмени процедури за начинот на ангажирање на надлежните субјекти. Од одговорните лица на ЦУК беше образложено дека често пати се случува сили да бидат побарани од двете институции во исто време што за субјектите предизвикува забуна и ја намалува ефикасноста на акциите. Од одговорните лица во ДЗС беше објаснето дека при појава на природни непогоди и несреќи повикувањето и ангажирањето на ресурсите го прави ДЗС и нема обврска да се координира со ЦУК се до моментот на прогласување на кризна состојба. Присутна е појава кога ЦУК иако без надлежности се јавува во улога на координатор и прави конфузија при спроведувањето на акциите за заштита и спасување и ангажирањето на силите при ДЗС. Овие проблеми биле причина за одржување на состанок со Премиерот на Владата на РМ во периодот на кризата во 2007 година на кој се донесени заклучоци дека раководењето и командувањето со ангажираните сили во гасење на пожарите ќе се извршува според споменатите прописи кои прецизно го регулираат ова прашање. Договорено е ДЗС да доставува барања до органите на ЦУК за ангажирање на дополнителни сили од АРМ, како и авиони, хеликоптери и други технички средства, градежни машини, возила и слично и овие барања да бидат вградени во стандардните

оперативни постапки за време на кризата во 2007 година. Поради понатамошни одредени проблеми во координација и ангажирање на ресурсите во гасење на пожарите, во 2008 година ЦУК формирал работна група составена од претставници на ЦУК и ДЗС која била задолжена за подготвување процедури за гасење на пожари, но поради отсуството на соработка со ДЗС процедурите не биле донесени."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 14 од документот.**

**Проценка на ОДР:** Коментарот на ЦУК доставен во формата "мислење по ПИ" се однесува на објаснувања дека ДЗС била вклучена во работната група за изработка на Стандардни оперативни процедури за пожари, кои потоа ДЗС ги искористила дел од работната верзија и директорот на ДЗС ги донел во 2008 година со целосно игнорирање на ЦУК – и претставува еднострано објаснување за одреден настан. Настанот е детално и објективно опишан во самиот наод на ОДР без пристрасност, заземање страна или проценка на тоа кој е во право, а кој не.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Утврдени состојби, стр. 36 –** "Опремата во Центарот добиена од МО на РМ со делбен биланс во 2005 година не е евидентирана во сметководствената евиденција. Во 2008 година формирана е комисија со цел утврдување на сегашната и поединечната вредност на стварите превземени од МО на РМ или добиени по друг основ, за кои нема поткрепувачки документи според кои би се утврдила нивната вредност. Комисијата изготвила извештај по кој е донесено Решение од ЦУК со цел сите средства добиени од МО на РМ или добиени по друг основ, а за кои нема документи поради нивната амортизираност и техничко – технолошка застареност, сметководствено да се задолжат со вредност 0, а утврдената вредност да се користи при продажба на стварите. За дел од оваа опрема во декември 2009 година донесена е Предлог - Одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на здруженија на граѓани. Согласно системската поставеност и функционалните должности кои ги реализира ЦУК, комисијата констатира дека средствата не се потребни или трајно престанале да се користат заради неисправност, технолошка, некомпатибилност или техничка застареност бидејќи истите се набавувани во текот на 70 - те и 80 - те години од минатиот век и немаат функционална вредност за ЦУК."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 15 од документот.**

**Проценка на ОДР:** "мислењето" на ЦУК по овој став од утврдените состојби е дека одреден текст треба да се избрише и да се замени со нивниот предлог кој упатува дека опремата во ЦУК добиена од МО со делбен биланс во 2005 година е евидентирана во сметководствената евиденција – вонбилансно, без вредност, поради тоа што во МО не се водела вредносно и не постоеле податоци за утврдување на вредноста на превземените ствари, кое не е поткрепено со поткрепувачка документација. Ревизорот утврдил и тоа јасно го кажал во ова поглавје дека од истите причини кои ги наведува "мислењето" средствата се задолжени со вредност 0 и претстојат понатамошни активности кои ЦУК ги планира или веќе ги спровел. Оттука државниот ревизор не цени дека овој коментар е спротивен на наодот/утврдените состојби во ПИ и не е во функција на менување на смислата и содржината на ПИ.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува иста и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – стр. 36**: "Последните случувања во 2009 година покажуваат дека Центарот изработил национална платформа, а Владата на РМ ја усвоила Информацијата за воспоставена НП на РМ. Со Платформата се опфатени повеќе државни институции, невладини организации, Црвен Крст на РМ како и приватниот сектор. Надградената верзија на платформата е донесена на 19.11.2009 година од Управувачкиот комитет, но не е проследена до Владата на РМ на одобрување. Од раководните лица во ЦУК добивме образложенија дека со имплементацијата на НП се очекува да се обединат сите ресурси, механизми и капацитети во насока на градење отпорност на земјата во целина и на локалните заедници посебно за превенција и рано предупредување, справување и намалување на последиците од настанати несреќи и

катастрофи како и јакнење на подготвеноста за ефективен и ефикасен одговор во случај на катастрофи на сите нивоа, рационално користење на расположливите ресурси, избегнување на дуплирањата и некоординираното настапување во земјата и странство. Од одговорните лица во ДЗС беше образложено дека не се информирани ниту вклучени во изработката на НП и дека со нејзино воспоставување, на Центарот му се овозможува да направи заблуда, конфузија и судир на надлежности не само со ЗЗС туку и со ЗЛС, со одредени законски акти на МО на РМ и со навлегување во надлежностите на МЗ на РМ и МЖСПП на РМ."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 16 од документот.**

**Проценка на ОДР:** за овој пасус од ПИ, утврдени состојби, алинеја 1, "мислењето" на ЦУК повторно се однесува на побивање на ставот на ДЗС искажан по прашањето на учество во изработка на Национална платформа со тврдење дека ЦУК праќал покани за номинација и присуство на конституитивни седници на координативните совети и дека ставот на ДЗС не е издржан. Државниот ревизор повторно укажува дека ревизорскиот извештај е форма за објективно и реално отсликување на состојбите во активноста заштита на пожари која активност треба да се одвива преку координирано институционално и професионално функционирање на сите чинители вклучени во неа. Ваквите ставови и побивања на истите од една или друга страна не водат кон исполнување на основните функции на двете институции. Сакаме да укажеме уште еднаш на фактот дека ставовите од ПИ се пренесени така како што се кажани и врз основа на објективност и правичност од страна на државниот ревизор, без да навлегуваме во оценка на тоа кој е во право или не.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува иста и во конечниот извештај во иста форма.

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 17 од документот.**

**Проценка на ОДР:** "мислењето" од ЦУК кое упатува на дополна на делот ревизорски наоди од ПИ на стр. 33 се однесува на физибилити студија со одредени појаснувања. Меѓутоа посочената страница 33 од ПИ не содржи воопшто делови кои се однесуваат на физибилити студија и не е јасно на што се однесува "мислењето" на ЦУК.

**Заклучок на ДЗР:** формулацијата на стр. 33 од ревизорски наоди останува иста и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – стр. 34, точка 5.1:** ".....Системите за јавно тревожење се конципирани и поставени уште во 70/80 години од минатиот век, наследени од МО на РМ и се во лоша состојба, освен 5 - те електронски и 8 - те пневматски кои може да работат и на алтернативен еднонасочен извор на енергија......" и "....Голем проблем според надлежните во ЦУК претставува недоволниот број на вработени и недостигот на финансиски средства поради што од почетокот на функционирањето на ЦУК во 2005 година не е потпишан договор за сервисирање на системите за јавно тревожење."

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 18 и 19 од документот.**

**Проценка на ОДР:** "мислењето" на ЦУК по ова прашање е насочено кон појаснување на изнесената квалификација дека системите се "во лоша состојба" и дека државниот ревизор треба да нагласи дека биле наследени во таква состојба од МО и дека оваа состојба е само незначително влошена во 2006 година заради неможноста да се обезбедат финансиски средства за сервисирање и одржување на истите. Имајќи предвид дека согласно член 38 и 39 од ЗУК, организацијата на известувањето и тревожењето како и самото вршење на тревожењето е во надлежност на ЦУК, за јавноста и граѓаните е беспредметно дали системите за јавно тревожење биле "наследени во лоша состојба" или "се во лоша состојба" и дека истата се должи на недостатокот на финансиски средства. Имено, од 70/80 години наваму и МО имало можност и обврска да ги одржува како и ЦУК по нивното преземање во 2005 година. Забелешката на ЦУК по однос на сопствен став во тек на ревизијата за недоволниот број на вработени во смисла на "недоволен број на вработени стручни лица за проверка на системите за јавно тревожење" претставува само појаснување на веќе изнесен став од ЦУК. ОДР цени дека во точката 5.1. од ПИ целата точка се однесува

на системите за јавно тревожење па оттука не е спорно дека и формулацијата “вработени“ се однесува на истото.
**Заклучок на ДЗР:** формулацијата останува иста и во конечниот извештај во иста форма.

**Извадок од ПИ – Прилог 2 – Преглед 1:**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | **ТУРЦИЈА** | 1 Канадер,<br>1 Хеликоптер | 0 | 0 | 0 | Помош со воздухоплови за гасење на шумските пожари. |

**Мислење на ЦУК по извадокот – алинеја 20 од документот.**
**Проценка на ОДР:** Податоците дадени во Прилог 2 – Преглед 1 се податоци изработени и доставени до државниот ревизор од страна на ЦУК. Во прилог на барањето на ЦУК овој преглед да биде дополнет со “1 канадер“ е неосновано поради тоа што во прегледот веќе стои 1 канадер и 1 хеликоптер. Во ПИ настаната е техничка грешка со преклопување (excel) на делот на 1 канадер која се појавува само во печатената верзија поради кое податокот не е видлив. Во конечниот извештај ќе биде доставено во оригинал како што и се дадени податоците од ЦУК.